4. Потврда дека со правосилна судска пресуда не му изречена казна или прекршочна забрана за вршење на професија, дејност или должност,
5. Историјат за вработување од Агенција за вработување на Република Северена Македонија со евидентиран стаж,
6. Изјава заверена на нотар дека кандидатот под целосна материјална, морална и кривична одговорност потврдува за точноста и веродостојноста на наведените податоци во пријавата и за поднесената документација,
7. Кратка биографија,
8. Писмо за интерес/мотивација,
9. Сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон.

6. ПОСТАПКА ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ЧЛЕНОВИТЕ

Постапката за селекција на членовите на Надзорниот одбор на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип се состои од две фази и тоа:

– административна селекција (се состои од проверка на внесените податоци во пријавата со условите утврдени во Јавниот повик) и бодување и

– интервју.

За кандидатите за кои при административната селекција се утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во јавниот повик или не ги доставиле потребните докази, постапката на селекција завршува. Административната селекција завршува најдоцна 10дена по истекот на рокот за пријавување на кандидатите на јавниот повик. Комисијата, најдоцна 10 дена од денот на завршување на административната селекција спроведува интервју со кандидатите кои успешно ја поминале административната селекција. Начин на бодување на секоја од фазите на селекција е утврден согласно Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на УО и НО на ЈП, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен Весник на Република Северна Македонија бр.213 /2024).

Точниот датум, време и место на оддржување на интервјуто ќе бидат објавени на веб страната на Општина Пробиштип: www.probistip.gov.mk

7. РОК И НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

Јавниот повик се објавува на ден 11.05.2026 година и трае 5 (пет) дена, односно најдоцна до 15.05.2026 година.

Пријавените кандидати соодветната документација во хартиена форма во оргинал или копија заверена на нотар заедно со пополнета Пријава на образец за пријавување (која е прилог кон повикот) да ја достават до:

Општина Пробиштип, ул„Јаким Стојковски” бр.1, Пробиштип или во архива на Општина Пробиштип (со назнака: За Јавен повик за именување на член на Надзорен Одбор на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип)

Краен рок за поднесување на пријавите е 15.05.2026 година.

Незадоволните кандидати од постапката за селекција за членови во Надзорниот одбор на јавното претпријатие имаат право да поведат управен спор до надлежен суд согласно со Законот за управни спорови.

Напомена: Пријавите без комплетно приложена документација или кои се доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат. Доставените прилози не се враќаат.

Број 26-599/22
30.04.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 89 од Законот за градежно земјиште (Службен весник на РМ бр.15/15, 98/15, 193/15, 26/15, 31/16, 142/16, 190/16 и Службен весник на РСМ бр.275/19, 224/24, 233/24, 87/25 и 51/26), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.04.2026 година ја донесе следната:

**ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РСМ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП ЗА 2026 ГОДИНА**

Со оваа Програма за дополнување на програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на Општина Пробиштип за 2026 година бр. 26-1101/11 од 09.12.2026 година и тоа:

Во табеларниот дел после редниот број 12 се додава нов ред со реден бр. 13 кој гласи:

| **ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ОД ДУП за УЕ Бр.30 А** | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 13 | / | 398,0 | трговија | трговија со дел.содр | 1470/164 | 192 | 576 | 48 | 1,45 | 7,70 | П+1+Пк |

Во табеларниот дел после редниот број 31 се додаваат нови редови со реден бр. 52, 53 и 54 кои гласат:

| **ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ОД УП за парцелација на ГП8 од ДУП за Блок 2.1** | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 52. | **8.1** | **7142,71** | **Г2** | **Лесна и незагад. индустр** | **4450 и 4451** | **2260,55** | **2260,55** | **31,65** | **0,32** | **7,5** | **П** |
| 53. | **8.2** | **4559,12** | **Г2** | **Лесна и незагад. индустр** | **4450 и 4451** | **1501,52** | **1501,52** | **32,93** | **0,33** | **7,5** | **П** |
| 54. | **8.3** | **4521,97** | **Г2** | **Лесна и незагад. индустр** | **4450 и 4451** | **1200,00** | **1200,00** | **26,54** | **0,27** | **7,5** | **П** |

Програма за дополнување на програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на Општина Пробиштип за 2026 година влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-599/23 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.04.2026 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024) и член 32 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.04.2026 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За усвојување на Финансиски извештај за реализација на Буџетот на Општина Пробиштип за период од 01.01.2026 до 31.03.2026 година**

Член 1

СЕ УСВОЈУВА Финансиски извештај за реализација на Буџетот на Општина Пробиштип за период од 01.01.2026 до 31.03.2026 година бр. 05-150/3 од 20.04.2026 година.

Член 2

Планираните и остварени приходи односно извршените расходи по видови се искажани во билансот на приходите и расходите и тоа како што е дадено во извештајот.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-599/24 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.04.2026 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на 30.04.2026 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**ЗА НАЧИНОТ И ПРАВИЛАТА НА УТВРДУВАЊЕ И ИСПЛАТА НА НАДОМЕСТОК НА ШТЕТА ПРЕДИЗВИКАНА ОД КАСНУВАЊЕ ОД БЕЗДОМНИ КУЧИЊА**

**ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**Член 1**

Со ова упатство се уредуваат постапката за утврдување и исплата, како и начинот на решавање на барањата од граѓаните за надомест на материјална и нематеријална штета (во натамошниот текст: штета) предизвикана од каснување од бездомни кучиња на јавните површини на подрачјето на Општина Пробиштип.

**Член 2**

Како бездомни кучиња, во смисла на ова упатство, се смета секое куче кое нема сопственик или држател, е лишено од човечка грижа, нега и надзор и е затекнато на јавна површина на подрачјето на Општина Пробиштип.

Под јавни површини, во смисла на ставот (1) од овој член, се подразбираат:

- јавни сообраќајни површини (улици, тротоари, пешачки премини, пешачки и велосипедски патеки, плоштади, кејови, подвозници, надвозници, мостови, паркиралишта, скалила, стојалишта на јавен градски превоз, такси станици и сл.);
- јавни зелени површини (градски паркови, парк-шуми, тревници, земјишни појаси со зеленило, зелени површини околу јавни објекти и заштитно зеленило);
- жардињери, видиковци, одморишта, патеки и друга урбана опрема како составен дел од јавните зелени површини;
- спортско-рекреативни површини, јавни капалишта, водни површини, детски игралишта и сл.;
- отворени простори околу јавни објекти, утврдени со Одлуката за комунален ред на Општина Пробиштип.

## ПОСТАПКА

### Член 3

Постапката за утврдување и исплата на надоместок на штета започнува со поднесување Барање за надомест на штета настаната од каснување од бездомни кучиња (во натамошниот текст: Барање), од страна на оштетеното лице (во натамошниот текст: Барател).

Кон Барањето, Барателот доставува:

- важечка лична карта или патна исправа, а доколку оштетениот е малолетно лице – документација од родителот или старателот;
- медицинска документација од здравствена установа и психијатриски извештај;
- потврда за пријавен настан од Министерството за внатрешни работи – надлежна полициска станица;
- фотографија од повредата;
- краток опис на настанот;
- изјави од сведоци (доколку има);
- копија од фискална сметка или друга финансиска документација за направени трошоци;
- копија од трансакциска сметка на Барателот.

Барањето и документацијата се доставуваат преку Архивата на Општина Пробиштип до Комисијата.

Поднесена тужба за надомест на штета пред надлежен суд се смета за поднесено барање од ставот 1 на овој член, доколку тужителот се согласи да се поведе постапка за утврдување и исплата на надоместокот на штета, пред Општина Пробиштип.

Барањето може да се поднесе најдоцна до истекот на рокот на застареност, сметано од денот на настанувањето на повредата предизвикана од каснување од бездомни кучиња, случени на јавните површини на подрачјето на Општина Пробиштип.

По истекот на рокот од став (5) на овој член, Комисијата нема да постапува по поднесените барања и истите ќе ги одбие со заклучок.

## КОМИСИЈА

### Член 4

За утврдување и определување на висината на надоместокот, Градоначалникот формира Комисија од три члена и нивни заменици, од кои 2 члена и нивни заменици од

редот на членовите на Советот и еден член и заменик од редот на општинската администрација, за постапување по барања за надоместок на штета предизвикана од каснувања од бездомни кучиња на граѓани на подрачјето на Општина Пробиштип (во понатамошниот текст: Комисија).

Мандатот на Комисијата трае четири година

На членовите и замениците на Комисијата не им следува месечен надоместок за учество во работата.

**РАБОТА НА КОМИСИЈАТА**

**Член 5**

Комисијата:

- ги разгледува Барањата;
- дава предлог за висината на надоместокот.

**Член 6**

Комисијата работи на седници.

Доколку од доставената документација, Комисијата констатира дека не може со сигурност да се утврди фактичката состојба за последицата која настанала, може да побара и дополнителна документација за што Барателот е должен истата да ја достави.

За утврдување на фактичката состојба од претходниот став Комисијата може да побара вештачење, кое ќе биде изработено од овластени вештаци и на товар на Општина Пробиштип.

Доколку Барателот не ја комплетира документацијата од став 2 на овој член, Барањето ќе се одбие како неосновано.

**СЕДНИЦИ НА КОМИСИЈАТА**

**Член 7**

Седниците на Комисијата ги свикува и со нив раководи Претседателот или заменик претседателот на Комисијата, кој се грижи за организацијата и работата на Комисијата. Членовите на комисијата самите избираат претседател и заменик претседател.

Седниците на Комисијата можат да се одржат само доколку на истите присуствуваат најмалку 2 члена или нивните заменици од вкупниот број на членови на Комисијата, од кои 1 член или негов заменик се лекари специјалисти.

На седниците на Комисијата задолжително присуствува и овластен комунален инспектор и еден претставник од Секторот за поддршка на градоначалникот заради давање на административно - техничка поддршка.

На покана на Претседателот на Комисијата, на седниците на Комисијата може да присуствува и Барателот и сведоците на настанот (доколку има).

По исказите на Барателот и на сведоците, прашања до нив може да постави секој член на Комисијата.

**Член 8**

Доколку во текот на работата Комисијата утврди дека заради поконкретно утврдување на случајот и настаната штета, е потребно да се сослушаат барателот како и сведоците на настанот, ако се наведени, Претседателот на Комисијата ќе закаже нова седница на која ќе ги повика Барателот и сведоците.

Доколку Комисијата утврди дека согласно доставената документација и дадените искази не е сторена штета на Барателот, или од исказите на Барателот односно на

сведоците на настанот се утврди неверодостојност на истите, со заклучок Барањето ќе го одбие како неосновано.

## ЗАПИРАЊЕ НА ПОСТАПКАТА

**Член 9**

Доколку Комисијата утврди дека штетата не ја причинило бездомно куче, односно се пронајде сопственикот на кучето, Комисијата со заклучок ја запира постапката за барање на надомест и ќе го упати Барателот своето право да го оствари преку приватна тужба против сопственикот на кучето, до надлежниот суд.

## УТВРДУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ

**Член 10**

Доколку Комисијата врз основа на доставените докази и утврдената фактичка состојба утврди дека Барањето е основано, врз основа на критериуми утврдени со ова упатство, дава предлог за обештетување на барателот и ја определува висината на надомест на штета, за која ќе биде понудена спогодба на оштетеното лице.

## КРИТЕРИУМИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ

**Член 11**

При разгледување на секое поединечно барање, Комисијата ги зема во предвид следните критериуми за утврдување на висината на надоместокот:

| | **Критериуми за утврдување на висината на надоместокот** | **Максимум поени** |
|---|---|---|
| | **Материјалната и нематеријалната штета настаната врз повредениот се проценува врз основа на** | 100 |
| 1. | **Видот на каснувањето:**<br>- силен угриз<br>- умерен угриз<br>- гребаници | <br>15<br>10<br>5 |
| 2. | **Бројот на каснувања**:<br>- повеќе од едно<br>- едно<br>- за гребаници | <br>15<br>10<br>5 |
| 3. | **Степен на претрпен страв:**<br>- висок степен<br>- среден степен<br>- низок степен<br>- нема | <br>15<br>10<br>5<br>0 |
| 4. | **Возраста на повредениот**<br>-Дете (лице до 18 години)<br>-Лице од 18 до 65 години<br>-Лице над 65 години | <br>15<br>10<br>5 |
| 5. | **Последиците кои настанале како резултат од каснувањето:**<br>Нагрденост:<br>- висока<br>- средна<br>- ниска<br>- нема | <br><br>20<br>15<br>10<br>0 |

| | | |
|---|---|---|
| 6. | **Нарушување на психичката состојба од претрпениот страв/траума:**<br>-интензивно<br>-умерено<br>- благо<br>- нема | <br><br>20<br>15<br>10<br>0 |

**Член 12**

Висината на надоместокот се определува:

- до 40 поени: до 10.000 денари
- 41–60 поени: од 10.000 до 15.000 денари
- 61–80 поени: од 15.000 до 20.000 денари
- 81–100 поени: од 20.000 до 25.000 денари
-

**Член 13**

Комисијата до Градоначалникот на Општина Пробиштип го доставува предлогот за обештетување на Барателот во кој е утврдена висината на надоместокот на штета заедно со записник за спроведената постапка.

**Член 14**

За работата на Комисијата се води записник.

СПОГОДБА

**Член 15**

Врз основа на предлогот од член 14 од ова упатство, до барателот се доставува Спогодба со која се предлага висината на надоместокот на штетата. Барателот на штетата е должен најдоцна во рок од 7 дена од приемот на спогодбата за истата да ја прифати или да ја одбие.

Доколку по истекот на рокот од став 2 на овој член, Барателот не се изјасни дали ја прифаќа или одбива Спогодбата, ќе се смета дека се откажува од правото на надомест на штета која настанала од каснување на бездомно куче, во постапката пред Општина Пробиштип.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 16**

Барањата за надомест на штета настаната од бездомни кучиња на подрачјето на Општина Пробиштип се пополнуваат на посебен образец кој може да се подигне во Архивата на Општина Пробиштип или на официјалната веб страница на Општина Пробиштип.

**Член 17**

Ова одлука влегува во сила со објавувањето во „Службен гласник на Општина Пробиштип

Број 26-599/25
30.04.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1, точка 2 од Законот на Локална Самоуправа („Службен весник на РСМ" бр.5/2002 и „ Службен весник на РСМ" бр.202/2024) а во врска со член 34

од Законот за буџетите („Службен весник на РСМ" бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на РСМ" бр.151/21 и 3/25), Советот на Општина Пробиштип на седница бр.10 одржана на 30.04.2026 година донесе:

## ОДЛУКА

### За проширување на средства на Буџетот на Општина Пробиштип за 2026 година

Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина Пробиштип за 2026 година, на следниот начин:

Се зголемуваат приходите на следните потставки :

| Потпрограма Потставка | | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 0 | 13.177.045 | 0 | 0 |
| | | **0** | **13.177.045** | **0** | **0** |

и се распоредуваат на следните расходни потставки :

| Потпрограма Потставка | | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| **K20** | **МУЗИЧКА И СЦЕНСКО - УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | | | | |
| 421110 | Електрична енергија | 0 | 27.642 | 0 | 0 |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 0 | 1.850.050 | 0 | 0 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | 0 | 166.700 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 541.093 | 0 | 0 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 0 | 223.702 | 0 | 0 |
| 402220 | Основен придонес за професионално заболување | 0 | 16.380 | 0 | 0 |
| 402310 | Основни придонеси до Агенцијата за вработување | 0 | 33.113 | 0 | 0 |
| 404110 | Надомест за годишен одмор | 0 | 150.000 | 0 | 0 |
| 421110 | Електрична енергија | 0 | 800.000 | 0 | 0 |
| 421240 | Течни горива | 0 | 200.000 | 0 | 0 |
| 423110 | Канцелариски материјали | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 423310 | Униформи | 0 | 1.550.000 | 0 | 0 |
| 423710 | Средства за одржување на хигиена | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 423810 | Ситен инвентар | 0 | 40.000 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 4.410.956 | 0 | 0 |
| 424430 | Поправки и одржување на машини | 0 | 40.000 | 0 | 0 |
| 425310 | Правни услуги | 0 | 110.000 | 0 | 0 |
| 425360 | Плаќање на судски такси | 0 | 80.000 | 0 | 0 |
| 425490 | Други здравствени услуги | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 425750 | Услуги за вонучилишни образовни активности | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 425760 | Превозни услуги во образованието | 0 | 360.000 | 0 | 0 |
| 464910 | Плаќање по судски решенија | 0 | 160.000 | 0 | 0 |
| 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | 0 | 31.000 | 0 | 0 |
| **N20** | **СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 421110 | Електрична енергија | 0 | 100.000 | 0 | 0 |
| 421120 | Водовод и канализација | 0 | 50.000 | 0 | 0 |
| 421240 | Течни горива | 0 | 600.000 | 0 | 0 |
| 423310 | Униформи | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 423990 | Други материјали | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 454.744 | 0 | 0 |
| 424430 | Поправки и одржување на машини | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 424510 | Одржување на зелени површини околу згради | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 425310 | Правни услуги | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 425490 | Други здравствени услуги | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 425760 | Превозни услуги во образованието | 0 | 400.000 | 0 | 0 |
| 426410 | Објавување на огласи | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 426990 | | 0 | | 0 | 0 |
| 464910 | Плаќање по судски решенија | 0 | 200.000 | 0 | 0 |
| 464940 | Трансфери при пензионирање | 0 | 90.000 | 0 | 0 |
| 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | 0 | 80.000 | 0 | 0 |
| **V10** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 464940 | Трансфери при пензионирање | 0 | 36.665 | 0 | 0 |
| | | **0** | **13.177.045** | **0** | **0** |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип и станува составен дел на Буџетот на Општина Пробиштип за 2026 година.

Број 26-599/26 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.04.2026 година — ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип — Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен Весник на РСМ бр.202/24) член 21, став 1, точка 31 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр. 4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24) и член 11, став 1, точка 7 од Законот за јавни претпријатија (Службен Весник на РМ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015, 39/2016 64/18 и 35/19 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.04.2026 година, расправајќи по Финансискиот извештај на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за период од 01.01.2026 до 31.03.2026 година бр.05-414/1 од 20.04.2026 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За давање согласност на финансиски извештај на**
**ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип за период од 01.01.2026 до 31.03.2026 година**

Член 1

Се дава согласност на Финансискиот извештај на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип за период од 01.01.2026 до 31.03.2026 година бр.05-414/1 од 20.04.2026 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Финансискиот извештај на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип за период од 01.01.2026 до 31.03.2026 година бр. 05-414/1 од 20.04.2026 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-599/27 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.04.2026 година — ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип — Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024) и член 5 став 2 и член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.04.2026 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За давање согласност на Изменување и дополнување на годишен план за вработување на Општина Пробиштип Пробиштип за 2026 година**

Член 1

Се дава согласност на Изменување и дополнување на годишниот план за вработување на Општина Пробиштип за 2026 година бр. 08-598/1 од 22.04.2026 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е Изменувањето и дополнувањето на годишниот план за вработување на Општина Пробиштип за 2026 година бр. 08-598/1 од 22.04.2026 година.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општна Пробиштип

Број 26-599/28
30.04.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 141 и 142 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21 и 294/21) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр. 4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.04.2026 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување членови во општински совет за социјална заштита на Општина Пробиштип**

1. За членови во општински совет за социјална заштита во општина Пробиштип, а врз основа на доставените номинации од институциите, се

именуваат:

- Анкица Кијајова –Советник за социјална заштита Општина Пробиштип;
- Роца Николовска – Здружени на пензионери на општина Пробштип;
- Игор стојановски – Здружение дефектолошко логопегски центар Шарен Свет Пробиштип;
- Дејан Златинов – Здружение на слепи лица на град Штип (регионално здружение во кои челнуваат и слепи лица од Пробиштип);
- Катерина Досева – АВРСМ, Центар за вработување Пробиштип;
- Д-р Ивана Анчовска Михајлова – ЈЗУ Здравствен дом „Нада Михајлова“ Пробиштип;
- Анета Томева – ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип;
- Љупка Митевска – стручен соработник-психолог, СОУ „Наум Наумовски Борче“ Пробиштип;
- Татјана Љапова - Дипломиран дефектолог-логопед ЈОУДГ„Гоце Делчев“ Пробиштип;
- Дарко Киров – Помошник командир на ЈРМ и превенција, ПС ОН Пробиштип;
- Даниела Петрова – наставник по граѓанско образование ООУ „Браќа Миладиновци“ Пробиштип;
- Атинка Барљамова Стојчевска – педагог ООУ„Никола Карев„ Пробиштип;
- Митко Ѓеоргиевски – Општинска организаца на Црвен крст Пробиштип.

2. Именуваните членови ќе извршуваат работи и задачи согласно Законот за социјална заштита со мандат од 4 години.

3. Решението стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-599/29
30.04.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/02 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015, 23/2019 и 9/2024), а во врска со член 191 став 2 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.04.2026 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За давање согласност на барањето за утврдување на мени и цени на услуги за организирање на исхрана на деца на возраст од 6-10 години (од прво до петто одделение) од страна на ЈОУДГ Гоце Делчев Пробиштип**

Член 1

Се дава согласност на барањето за утврдување на мени и цени на услуги за организирање на исхрана на деца на возраст од 6-10 години (од прво до петто одделение) од страна на ЈОУДГ Гоце Делчев Пробиштип бр. 03-95/1 од 20.04.2026 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е Барањето со мени и цени на услуги за организирање на исхрана на деца на возраст од 6-10 години (од прво до петто одделение) од страна на ЈОУДГ Гоце Делчев Пробиштип.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-599/30 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.04.2026 година — ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип — Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/02 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 23 став 3 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 31/20 и 16/25), а по барањето од Црешово топче дооел Пробиштип бр. 26-580/1 од 20.04.2026 година, Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.04.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за продолжување на работното време на угосителскиот објект Хотел Црешово топче дооел Пробиштип за време на одржување на матурска вечер**

Член 1

Со оваа Одлука се продолжува работното време на угостителскиот објект Хотел Црешово топче дооел Пробиштип за најмногу 2 (два) часа од утврденото работно време согласно Законот за

угостителска дејност, за време на одржување на матурската вечер на матурантите од СОУ „Наум Наумовски Борче“ Пробиштип на ден 21.05.2026 година.

Член 2

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-599/31 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.04.2026 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.04.2026 година, расправајќи по барањето од Саманта Петровска, а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

1. Барањето од Саманта Петровска ул.„Доне Божинов“ бр.36 Пробиштип бр.26-48/1 од 12.01.2026 година за еднократна парична помош за лекување на дете Амела Петровска, се прифаќа и се одобруваат 2.000 денари.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-599/32-1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.04.2026 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.04.2026 година, расправајќи по барањето од Љупка Петровска, а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

1. Барањето на Љупка Петровска ул.„Доне Божинов“ бр. 36 Пробиштип бр.26-51/1 од 12.01.2026 година, за одобрување на финансиска средства заради лоша финансиска состојба, и за купување на дрва се разгледа.
2. Се упатува баретелот за еднократна парична помош да се обрати до ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип.
3. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-599/32-3 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.04.2026 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.04.2026 година, расправајќи по барањето од Жаклина Златковска, а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. Барањето од Жаклина Златковска ул.„Миро Барага“ бр.244 Пробиштип бр.26-73/1 од 14.01.2026 година за еднократна парична помош за лекување-карцином на дојка, се прифаќа и се одобруваат 3.000 денари.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-599/32-4 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.04.2026 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.04.2026 година, расправајќи по барањето од Јонче Златков, а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. Барањето на Јонче Златков ул.„Македонија“ бр.78 Злетово бр.26-78/1 од 15.01.2026 година, за еднократна парична помош за лекување на мајка, не се прифаќа од причина што не ги исполнува критериумите согласно Правилникот за условите, критериумите и начинот на остварување на право на еднократна парична помош по барања поднесени до Општина Пробиштип, односно има остварено приходи над миимална плата.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-599/32-5
30.04.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.04.2026 година, расправајќи по барањето од Лозена Миланова, а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

1. Барањето од Лозена Миланова ул.„Илија Кузманова“ бр.53 с.Добрево Пробиштип бр.26-167/1 од 29.01.2026 година за еднократна парична помош за лекување-карцином, се прифаќа и се одобруваат 3.000 денари.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-599/32-6
30.04.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.04.2026 година, расправајќи по барањето од Иванчо Насев, а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

1. Барањето од Иванчо Насев ул.„Македонија“ бр.64 Злетово бр.26-168/1 од 29.01.2026 година за еднократна парична помош за лекување на сопруга Злата Насева, се прифаќа и се одобруваат 3.000 денари.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-599/32-7 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.04.2026 година — ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип — Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.04.2026 година, расправајќи по барањето од Петре Митевски, а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

1. Барањето од Петре Митевски с.Трипатанци бр.26-186/1 од 30.01.2026 година за еднократна парична помош поради лоша здравствена состојба за лекување од карцином, се прифаќа и се одобруваат 6.000 денари.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-599/32-8 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.04.2026 година — ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип — Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.04.2026 година, расправајќи по барањето од Ласто Јорданов, а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

1. Барањето од Ласто Јорданов с.Долни Стубол бр.26-233/1 од 11.02.2026 година за еднократна парична помош за лекување повреда на колк и стапало, се прифаќа и се одобруваат 3.000 денари.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-599/32-9<br>30.04.2026 година<br>Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП<br>ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден  30.04.2026 година, расправајќи по барањето од Новица Петковски, а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

1. Барањето од Новица Петковски ул.„Доне Божинов“ бр.18 Пробиштип бр.26-284/1 од 24.02.2026 година, се разгледа.

2. Се упатува барателот за еднократна парична помош да се обрати до ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип.

3. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-599/32-10<br>30.04.2026 година<br>Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП<br>ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден  30.04.2026 година, расправајќи по барањето од Гана Димитровска, а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

1. Барањето од Гана Димитровска с.Марчино бр.26-291/1 од 26.02.2026 година за еднократна парична помош за лекување –карцином на дојка, се прифаќа и се одобруваат 3.000 денари.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-599/32-11
30.04.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.04.2026 година, расправајќи по барањето од Габриела Алексиќ, а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

1. Барањето од Габриела Алексиќ ул.„3 ти Април“ бр.2 с.Добрево бр.26-1179/1 од 25.12.2025 година, се разгледа.
2. Се упатува барателот за еднократна парична помош да се обрати до ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип.
3. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-599/32-12
30.04.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.04.2026 година, расправајќи по барањето од Рената Камчева, а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

1. Барањето на Рената Камчева ул.„Јоаким Крчовски“ бр.7 Пробиштип бр.26-1180/1 од 25.12.2025 година, се разгледа.

2. Се упатува барателот за еднократна парична помош да се обрати до ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип.

3. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-599/32-13
30.04.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.04.2026 година, расправајќи по барањето од Драгица Ангелова, а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

1. Барањето од Драгица Ангелова ул.„Х.Т.Карпош“ бр.6 Пробиштип бр.26-1188/1 од 29.12.2025 година за еднократна парична помош поради лоша финасиска ситуација, се прифаќа и се одобруваат 3.000 денари.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-599/32-14
30.04.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.04.2026 година, расправајќи по барањето од Павле Коцев, а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

1. Барањето од Павле Коцев ул.„Питу Гули“ бр.7 Злетово бр.26-213/1 од 05.02.2026 година за еднократна парична помош за лекување се прифаќа и се одобруваат 3.000 денари.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

